НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ПРЕКУ ИГРА ДО ЕДУКАЦИЈА

## ПРОЕКТ ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА



GLOBAL MONEY WEEK

Child&Youth Finance International

## ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА ПАРИ

Глобалната недела на пари 2014, (GLOBAL MONEY WEEK) се одржува во втората недела од март, односно од 10 до 17 март. Во 2013 година со активностите организирани во име на „Глобалната недела на пари“ учествуваа повеќе од 1 милион деца од над 80 земји. Оваа година се очекува да учествуваат двојно повеќе деца, односно 2 милиони од над 100 земји од светот, а активностите ќе бидат организирани од страна на над 500 институции и организации.

Активностите се веќе започнати, бидејќи **Народната банка** реши да ги организира во период од еден месец. Досега, како дел од оваа програма, посетени се неколку основни училишта од Скопје: „Круме Кепески“; „11 Октомври“; „Кочо Рацин“; „Страшо Пинџур“ и други.

Во однос на Проектот за финансиска едукација што постои од 2012 година, **Народна банка на Република Македонија** и оваа година организира активности во основните училишта низ Републиката. Активностите опфаќаат посета на сите заинтересирани училишта и одржување на еден училиштен интерактивен час на кој учениците се запознаваат со теми поврзани со парите и штедењето, како и со други теми од областа на финансиската едукација.






Се надеваме дека ќе дојдеме наскоро и кај вас да ве посетиме (ние, Денарко, Дада и Бато) и дека одлично ќе другаруваме.

**Ги покануваме сите заинтересирани основни училишта да нè побараат на телефонскиот број 02/3108-400 доколку сакаат да ги посетат вработените од Народната банка на Република Македонија и да одржат интерактивен час од областа на финансиска едукација.**